**До**

**Деканот на Економски факултет**
**при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и**
**Наставно-научниот совет на**
**Економски факултет**
**при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип**

**П Р И Г О В О Р**

**КОН РЕФЕРАТОТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕНАЏМЕНТ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УГД - ШТИП**, објавен во Универзитетски билтен број 128 од јули 2014 година

Во РЕФЕРАТОТ за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област ***менаџмент*** на Економскиот факултет при УГД - Штип, објавен во Универзитетски билтен број 128 од јули 2014 година, Рецензентската комисија во состав проф. Круме Николовски, проф. Трајко Мицески и проф. Методија Стојановски предлагаат Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при УГД - Штип да ја избере доцент д-р Маргарита Матлиевска во звањето вонреден професор за наставно-научната област *менаџмент*.

Согласно со член 125 од Законот за високото образование за избор во вонреден професор кандидатот, покрај останатите услови, треба да ги исполнува и следните услови:

– да има објавено најмалку пет труда од наставно-научната област во меѓународни списанија во последните пет години или три труда во интернационални списанија со импакт фактор во последните пет години;
– да е учесник во научноистражувачки проект во изборниот период.

Овие предуслови се неопходни за даден кандидат да се избере во звање вонреден професор.

Во Рефератот објавен во Универзитетскиот билтен на УГД број 128, Рецензентската комисијата (во состав Круме Николовски, Трајко Мицески и Методија Стојановски) се повикува на „трудови“ на доцент Маргарита Матлиевска што се или апстракти или постер-презентирани на конференции или се просидинзи, или пак се трудови печатени во зборници во Македонија, или се „трудови објавени“ во непостоечки списанија. Сите овие зборници на трудови или зборници на апстракти од конгреси, според одредбите од Законот за високо образование, НЕ МОЖАТ ДА СЕ КЛАСИФИЦИРААТ КАКО МЕЃУНАРОДНИ СПИСАНИЈА (за да едно списание биде класифицирано како „меѓународно“, тоа списание треба да излегува во континуитет пет години, да има уредувачки одбор каде што 40% од уредниците се од пет различни земји, и да има две изданија годишно на тоа списание).

Така на пример, трите првоевалуирани публикации на стр. 19 и стр. 20 од Рефератот, како и трудот со реден број 5 на стр. 20 од Рефератот со генералии:

(1) Matlievska, M. (2013). Ozone depleting substances elimination management: The success story of Macedonia. Journal of Process Management – New Technologies;

(2) Matlievska, M. & Petrevska, B. (2013). Managing environmental policy for tourism development. Journal of Process Management - New Technologies, 1(1), pp. 65-72;

(3) Petrevska, B. & Matlievska, M. (2013). Managing economic development by tourism contribution: Empirical evidence. Journal of Process Management - New Technologies, 1(2), pp. 35-41 1(2), pp. 27-34

(5) Dzamtoska-Zdravkovska, S., Matlievska, M. & Denkova, J. (2013). Internal communication as a precondition for successful management - theoretical approach. Journal of Process Management – New Technologies, International, 1(2), pp. 96-101.

од „публикациите“ на доцент Матлиевска се публикувани во српско списание насловено како **Journal of process management- new technologies. Меѓутоа, ова списание НЕ Е**

**МЕЃУНАРОДНО СПИСАНИЕ.** Имено, списанието Journal of process management- new technologies почнало да излегува во 2013 година, значи нема пет години од неговото прво издавање за да биде класифицирано меѓународно, а целиот уредувачки одбор е од Србија, што може да се види на веб-страницата на списанието и линкот даден подолу)

http://www.japmnt.com/index.php/archives

http://www.japmnt.com/index.php/editors

**Трудот на стр. 20 од Рефератот со генералии**

-Denkova, J. and Matlievska, M. (2012). HRM in public administration (Case study: Effects of the Public Administration Reform in the Republic of Macedonia). International Journal of Business and Management Studies. pp. 27-38, е „публикуван“ во списание кое никаде не постои, а на „трудот“ (кој е во форма апстракт) нема никакви податоци за списанието, волуменот и сл. Доцент Матлиевска во Репозиториумот на УГД има поставено/приложено само ворд документ од овој „труд“ без никакви генералии на него, што може да се види на следниот линк

http://eprints.ugd.edu.mk/3553/1/SHORT%20VERSION%20HRM%20IN%20PUBLIC%20ADMINISTRATION%20HVD%20493.pdf

**Исто така, трудот на стр. 20 од Рефератот со генералии**

Matlievska, Margarita (2012) *FDI's Attracting - the Case of the Republic of Macedonia* -BH Economic Forum (04/201). pp. 243-257

воопшто не може да се класифицира како труд и истиот е само поставка во ворд формат, а „списанието/изданието“ е непостоечко. Линк на овој „самопрогласен труд“, кој од Рецензентската комисија е евалуиран како „научен труд во меѓународно списание“ (што не постои!) на Репозиториумот на УГД е следен

http://eprints.ugd.edu.mk/3203/1/Matlievska-BH%20Economic%20Forum-No%2004-2012.pdf

Сите останати евалуирани „трудови“ во рефератот за доцент д-р Маргарита Матлиевска се или апстракти или постери или просидинзи објавени во зборници на трудови или зборници на апстракти, што според класификацијата од Законот за високо образование НЕ СПАЃААТ ВО ГРУПАТА НА МЕЃУНАРОДНИ ПУБЛИКАЦИИ.

На следниот линк се податоците од Репозиториумот на УГД на доцент д-р Матлиевска и таму нема прикачено ниту еден меѓународен труд од доцент Матлиевска, како што е пропишано според Законот за високо образование на РМ.

http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Matlievska=3AMargarita=3A=3A.html

Покрај тоа, ***друг неопходен предуслов за избор во звање вонреден професор е кандидатката да е раководител или учесник во научноистражувачки проект во изборниот период.***

На стр. 26 од Рефератот за доцент д-р Маргарита Матлиевска е наведено дека таа учествувала „во многубројни проекти од кои се евалуирани само оние кои се реализирани во периодот помеѓу двата избора“.

Притоа, како проекти во кои учествувала Маргарита Матлиевска се наведени следните:

(A) Report on the progress towards the millennium development goals (2009) и
(B) Sustainable development strategies in Europe, Council of Europe, 2008.

Првиот „проект“ (со наслов Report on the progress towards the millennium development goals - 2009) во суштина е ИЗВЕШТАЈ на Владата на РМ, што ги опфаќа разни сегменти за развојот од разни области од социјалниот живот во Македонија во периодот 1998-2008 и истиот не е проект, туку извештај од Заводот за статистика во соработка со Влада на РМ. Линкот се наоѓа на http://eprints.ugd.edu.mk/6756/1/MDG%20Report%2009%20ENG.pdf, а од линкот http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Matlievska=3AMargarita=3A=3A.html може да се види дека и во 2005 година кандидатката имал интерим извештај за

статистичките податоци за кои Рецензентската комисија реферира дека е „проект“ работен во 2009 година.

Вториот „проект“ евалуиран од Рецензентската комисија (Sustainable development strategies in Europe, Council of Europe, 2008) е во период кој е покриен со првиот избор на доцент Маргарита Матлиевска и истиот не може да се евалуира при изборот во вонреден професор. Притоа, кандидатката за овој „проект“ нема доставено никакви податоци на Репозиториумот на УГД (http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Matlievska=3AMargarita=3A=3A.html)

Како заклучок од овој приговор следи дека сите други „меѓународни трудови“ наведени и евалуирани во Рефератот за избор на доцент д-р Маргарита Матлиевска се просидинзи или апстракти на конференции, или публикации објавени во зборници од Македонија (или се „трудови публикувани“ во непостоечки списанија), што според критеирумите пропишани во Законот за високото образование НЕ СЕ МЕЃУНАРОДНИ ПУБЛИКАЦИИ. Притоа, евалуираните „проекти“ на доцент Маргарита Матлиевска се во суштина извештаи кои не спаѓаат во изборниот период.

Во прилог на ова, при пребарувањето во сите светски релевантни бази на научни публикации на меѓународни списанија (Scopus, ISI Web of Knowledge), не се пронајдени трудови во кои е автор Маргарита Матлиевска.

Согласно на податоците наведени во Рефератот од Универзитетскиот билтен број 128 на УГД - Штип, ***доцент Маргарита Матлиевска не исполнува најмалку два од основните предуслови да биде унапредена во звање вонеден професор***, согласно на критериумите и на УГД и според одредбите од ЗВО и согласно со забелешките изнесени во овој Приговор.

Според одредбите од Законот за високото образование на Република Македонија, овој Приговор треба да биде објавен како во наредниот Универзитетски билтен на УГД и истиот треба да биде доставен до соодветната Рецензентска комисија. Притоа е потребно да се коригираат и поените во табелата од рефератот, како и заклучокот на Рецензентската комисија, каде што ќе биде изменет крајниот заклучок, бидејќи доцент Маргарита Матлиевска не ги исполнува условите предвидени со Законот за високо образование на РМ (член 125) да биде избрана во звањето вонреден професор.

Штип, 1.8.2014 година

**Група професори на Економски факултет - Штип**

**До**

**Деканот и Наставно научниот совет**
**на Економски факултет-Штип**

**Предмет:** Прифаќање на укажувања по приговоротите: Бр.1707-175/1 од 06.08.2014 од група професори од Економски факултет- УГД-Штип и Бр. 1707-176/1 од 07.08.2014 од група професори на Универзитетот „Гоце Делчев„ Штип

Како член на рецензентска комисија, за избор на наставник во сите звања од наставно научната област Менаџмент, ми беше доставен приговор, од група професори од економскиот факултет-УГД-Штип (Бр.1707-175/1 од 06.08.2014), како и од од група професори од Универзитеот Гоце Делчев –Штип (1707-176/1 од 07.08.2014), во кој се детектирани пропусти и недоследности во објавениот реферат во Универзитетски билтен 128 од 22.07.2014 година. Затоа пристапив кон подетално разгледување и проучување на рефератот на доц. д-р Маргарита Матлиевска, и забележав дека сум направил, превиди и пропусти во согласност со Законот за Високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно научни, научни и наставни звања на универзитетот „Гоце Делчев”-Штип, (Универзитетски гласник бр.31, мај 2014) и од тие причини се согласувам со големиот број на забелешки од приговорите по однос на објавениот реферат. Со тоа го повлекувам мојот предлог и потпис од рефератот за избор на доц. д-р Маргарита Матлиевска во вонреден професор.

Како пропусти и недоследности во несоодветно евалуирање на презентираните трудови, во Рефератот, меѓу другите се следниве:

1. Кандидатот доц. д-р Маргарита Матлиевска, не поседува ниту еден меѓународен научен труд објавен во меѓународно научно списание (согласно дефиницијата за меѓународно научно списание, од член 96 од Законот за високо образование).
2. Кандидатот доц. д-р Маргарита Матлиевска, согласно член 125 од Законот за високо образование, кој бара за вореден професор да има објавено три научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години, од нејзините трудови, се гледа дека **нема** ни еден труд објавен во научно списание со импакт фактор во последните пет години.
3. Колешката Матлиевска, не исполнува еден од основните критериуми за избор во звање-вонреден професор, од Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни и наставни звања на УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП, бр.31/ 2014**,** член 11, а кој се однесува на –**учество во научно-истражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати, во областа за која се бира.**
4. Колешката Матлиевска, не го исполнува во целина условот од член 42 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни и научни звања на УГД, а кој се однесува на **задолжително внесување на сите научно-истражувачки и останати активности на електронскиот е-репозиториум на УГД**, заради нивна валидност во евалуацијата.
5. Колешката Матлиевска, **не поседува рецензирана електронска скрипта од предметот во кој** се бира објавена на е-библиотека на УГД, како и практикум со вежби од истиот предмет (согласно Правилникот за критериумите за избор во звања на УГД),

Оттука, согласно податоците наведени во Рефератот од Универзитетскиот билтен број 128 на УГД Штип, ***доцент Маргарита Матлиевска не ги исполнува бараните основните предуслови да биде унапредена во звање вонеден професор***, согласно критериумите од законот за високо образование член 125 и критериумите утврдени во **Правилникот за критериумите и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „ГоцеДелчев“ –Штип** (Универзитетски гласник бр.31 од месец мај 2014 година), прифаќам да се измени крајниот заклучок, бидејќи доцент Матлиевска Маргарита **не ги исполнува условите** предвидени со Законот за високо образование на РМ (член 125) да биде избрана во звањето „вонреден професор“."

Штип, 11.08.2014 година **Проф. д-р Трајко Мицески**

**До**

**деканот и Наставно-научниот совет**
**на Економски факултет - Штип**

**Предмет:** Прифаќање на Приговорот од група професори на Економски факултет - Штип

Како претседател на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања од наставно-научната област менаџмент, ми беше доставен приговор од група професори од Економски факултет во кој се детектирани пропусти и недоследности во објавениот Реферат во Универзитетски билтен 128 од 22.7.2014 година. Врз основа на Пприговорот, пристапив кон детално разгледување на рефератот и опусот на доц. д-р Маргарита Матлиевска. Имено, утврдив дека наведените пропусти и недоследности цитирани во приговорот се присутни во Рефератот и од тие причини **го прифаќам и се согласувам со наодите од Приговорот по однос на објавениот Реферат**. Како резултат на сето ова го повлекувам мојот предлог и потпис од Рефератот за избор на доц. д-р Маргарита Матлиевска во вонреден професор.

Имено, во Рефератот констатираните неправилности и пропости потврдени при евалуирање на презентираните трудови во продолжение ги набројувам по следниов редослед:

1. Кандидатката доц. д-р Маргарита Матлиевска не поседува ниту еден меѓународен научен труд објавен во меѓународно научно списание (согласно со дефиницијата за меѓународно научно списание, од член 96 од Законот за високо образование).
2. Кандидатката доц. д-р Маргарита Матлиевска, согласно со член 125 од Законот за високо образование, кој бара за избор во вонреден професор да има објавено три научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години, од нејзините трудови се гледа дека **нема** ниту еден труд објавен во научно списание со импакт фактор во последните пет години.
3. Колешката Матлиевска не исполнува еден од основните критериуми за избор во звање-вонреден професор од Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, бр.31/ 2014**,** член 11, кој се однесува на **учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати, во областа за која се бира.**
4. Колешката Матлиевска не го исполнува во целина условот од член 42 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни и научни звања на УГД, а кој се однесува на **задолжително внесување на сите научноистражувачки и останати активности на електронскиот е-репозиториум на УГД**, заради нивна валидност во евалуацијата.
5. Колешката Матлиевска **не поседува рецензирана електронска скрипта од предметот во кој** се бира, објавена на е-библиотека на УГД, како и практикум со вежби од истиот предмет (согласно со Правилникот за критериумите за избор во звања на УГД).

Оттука, согласно со податоците наведени во Рефератот од Универзитетскиот билтен број 128 на УГД - Штип, ***доцент Маргарита Матлиевска не исполнува најмалку два од основните предуслови да биде унапредена во звање вонреден професор***, согласно со критериумите од Законот за високо образование, член 125 и критериумите утврдени во **Правилникот за критериумите и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „ГоцеДелчев" –Штип** (Универзитетски гласник бр.31 од мај 2014 година)**,** прифаќам да се измени крајниот заклучок, затоа што доцент Маргарита Матлиевска не ги исполнува условите предвидени со Законот за високо образование на РМ (член 125) да биде избрана во звањето вонреден професор.

Имајќи го предвид фактот дека **Рецензентската комисија има голема одговорност за создавање основа за донесување на незаконска одлука од страна на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, користејќи невистинити или непроверени податоци во предложениот реферат, сметам дека не треба да учествувам во донесување на незаконска одлука и уште повеќе што сум обврзан за заштита на законитоста при одлучување за избор на доц. д-р Маргарита Матлиевска во вонреден професор.**

Штип, 11.8.2014 година **Проф. д-р Круме Николоски, с.р.**